**ОПШТИНА ШТИП**

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1157/2*
*16.02.2024 година*
*Ш т и п*

# ЗАПИСНИК
## ОД СПРОВЕДЕН ПРАКТИЧЕН ИСПИТ ЗА ИНСПЕКТОР

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор ( Службен весник на Република Северна Македонија број 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ( Службен весник на Република Северна Македонија број 238/19) на 16.02.2024 година со почеток од 11 часот во службените простории на Инспекциски Совет на РСМ во Скопје пред комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Штип број 09-1157/1 од 12.02.2024 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

**Маријана Зенделова** - Општински инспектор за домување, одделение за друг вид на надзор од надлежност на Општината - виш инспектор/ сектор за инспекциски работи- **Претседател на комисијата**

**Весна Зенделова**- Општински Градежен инспектор, одделение за урбанистички, градежен надзор и надзор над сообраќај и патишта- виш инспектор / сектор за инспекциски работи-главен инспектор- **Член на комисијата**

**Тоше Ѓорѓиевски**- раководител на сектор за инспекциски работи- главен инспектор- **Член на комисијата**

**Ресул Шемо** - номиниран од Инспекциски совет од областа на Градежништвото,урбанизам,комунални работи и транспорт- **Член на комисијата.**

Кандидат за полагање на практичниот дел од испитот е **Ана Давиткова**, кандидат за општински инспектор за домување.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот **Ана Давиткова** изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 46, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk

По презентентирање на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор- 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор- 30 бодови
- Затворање на инспекциски надзор- 25 бодови
- Документирање на инпекциски надзор- 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот **Ана Давиткова** го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Практичниот испит за инспектор траеше од 11:00 часот до 14:00 часот.

**Комисија за полагање на практичен испит за инспектор**

**Маријана Зенделова** ____________

**Весна Зенделова** ____________

**Тоше Ѓорѓиевски** ____________

**Ресул Шемо** ____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ШТИП
ОПШТИНА ШТИП